Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 298/0306
25.07 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 22 јули 2019 година, врз основа на примена жалба од Меритон Цивули, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Вечер.мк“ со текстот насловен „Вечер дознава: Нема датум додека не се реши дрогата во Македонија“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 јуни 2019 година, Меритон Цивули поднесе жалба за текстот насловен „Вечер дознава: Нема датум додека не се реши дрогата во Македонија“, објавен на 23 јуни 2019 година, на интернет порталот на дневниот весник „Вечер“ (www.vecer.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, навреда и клевета. Подносителот на жалбата, меѓу другото, реагира и на фотографијата на текстот, на која е вметнато албанско знаме. Цивули таквата фотографија ја толкува како ширење омраза.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со весникот „Вечер“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1 и 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 22 јули 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека станува збор за текст без автор. Потоа, насловот тврди едно, илустрацијата друго, а содржината сосема трето нешто. Комисијата смета, дека содржината на текстот, во голем дел, произлегува од јавниот интерес.

Комисијата констатираше дека фотомонтажата, сама по себе, може да се смета за современ поджанр на жанрот коментар и дека преку неа може или најчесто се изнесуваат вредносни судови преку хиперболизирана реалност (сатира, сарказам или критика). Во овој случај фотографијата не го визуелизира ниту насловот, ниту е доволно јасна асоцијација за содржината. Но сепак, за Комисијата илустрацијата не е спорна, без оглед што е преземена од интернет порталот Vice Canada (на следниов линк https://www.vice.com/en_ca/article/zmpq89/the-inside-story-of-europes-first-narco-state).

Комисијата, смета дека станува збор за текст што најмногу заличува на мини - анализа. Анализата е поджанр од коментар, но тоа не го исклучува од одговорност авторот, кој во случајов е анонимен, од јасно наведување на изворите кои служат за тврдења или извлекување заклучоци во неа. Во текстот нема јасна поткрепа за оние тврдења кои можеме да ги препознаеме дека се делумно точни (ставовите на Франција и Холандија за датум на преговори), туку своеволно толкување во насока на целите на насловот и содржината на текстот.

Оттука, евидентно е прекршувањето на членот 1 од Кодексот, затоа што постулат на новинарската професија е да се проверат податоците и точноста на информациите кои се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека интернет порталот, правејќи споредба меѓу актуелните состојби во државата и Албанија, вешто се обидува на информацијата да ѝ даде политички контекст и одредена политичка партија (во случајов, владеајчката) да ја стави во корелација со нарко - структури. Во овој контекст, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот, отстапка која особено се издвојува во следниве реченици:

*„Акцијата против овој вид организиран криминал во соработка со ДИА секако ќе влијае и на политичките прилики во Македонија* ***бидејќи нарко клановите имаат влијание и врз македонските избори по системот на заштита за нивните активности, а за возврат тие за политичкиот партнер испорачуваат гласови од албанските етнички средини“.***

*„Германски Билд, од друга страна, паралелно објавува телефонски разговори на албанскиот премиер Еди Рама за негова соработка со мафијата, нарко дилерите, нарачки до обвинители и судии, купување гласови за избори и партиски рекети...* ***состојба која ја гледаме и во Македонија, особено кога се работи за поддршка на СДСМ од страна на разни албански криминални и нарко кланови од Скопје и***

***околината кои за заштита испорачуваат гласови за потреби на СДСМ на изборите***“.

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот на весникот „Вечер“ (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595